РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09-2162/
29-05-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата на 30 – тата седница прво продолжение одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси по побарано мислење од страна на службено лице, односно истото лице ја извести Државната комисија дека го повлекува доставеното барање за мислење и моли истото да биде архивирано и ставено ad acta.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-2162/1 од 01.04.2019 година.

Предметот со број 09-2162/1 од 01.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2162/1 од 01.04.2019 година е оформен по поднесено Повлекување на барање за мислење од самото службено лице кој го поднел до Државната комисија на ден 09.10.2018 година под бр. 09-5562/1, во време кога Државната комисија беше без претседател и членови.

Имено, неговото барање за мислење е во врска со тоа дали е настаната состојба на судир на интереси во случај кога истиот е именуван од страна на Владата на РМ за член на Комисија за евалуација на барања за финансиска поддршка за инвестиции, која дејствува како второстепен орган во постапка за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, а од друга страна истиот е вработен во Агенцијата за странски инвестиции и од страна на директорот на оваа институција е задолжен за вршење дополнителни работни задачи во постапка која ја води Агенцијата како првостепен орган за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции.

Државната комисија за спречување на корупцијата, преку електронска пошта се обрати до службеното лице со Барање за достава на информации на ден 18.06.2019 година под бр. 09-2162/2 во однос на тоа, дали е надмината состојбата на судир на интереси образложена во неговото барање за мислење под наведниот број, по што лицето не одговори повратно на Државната комисија.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по повторно разгледување на доставеното Барање за мислење од страна на службеното лице, Државната комисија констатира дека нема основ за

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

нејзино надлежно постапување поради тоа што лицето го повлече Барањето за мислење, доставено на ден 09.10.2018 година под бр. 09-5562/1.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК